**ОПШТИНА РАВЕННА**

*Граѓански услуги и област на учество на граѓани*
*U.O. Политики за имиграција и децентрализирана соработка*
*Центар за Имигранти*
Via Oriani 44 - тел 0544.485314

# Потребна документација за барање на дозвола за престој ЕК за долгорочни жители

- 1 таксена марка од 16 евра
- Фотокопија од дозволата за престој (permesso di soggiorno) предниот и задниот дел
- Фотокопија од пасошот (само од страницата каде што е бројот, датум на издавање и рок и лични податоци)

***<u>За подредените работници</u>***

- Фотокопија од формуларот УНИЛАВ
- Во случај на домашна работа (домашни помошници) ФОТОКОПИЈА НА РАБОТНИОТ ИЗВЕШТАЈ ИСПОСТАВЕН ТЕЛЕМАТИЧКИ ДО ИНПС
- Фотокопија на договор за престој (contratto di soggiorno) и копија од потврда за прием од страна на Едношалтерот за имиграција (Sportello Unico per l'Immigrazione) за оние чии работен договор почнал пред 15 ноември 2011 год.
- Фотокопија на последниот платен лист (busta paga) или копија од сметката платена на ИНПС (во случај на домашни помошници)
- Фотокопија од КУД или ДАНОЧНА ПРИЈАВА ЗА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА –Во случај на домашни помошници или ако постојат повеќе работни односи е потребна е ДАНОЧНА ПРИЈАВА (dichiarazione dei redditi)
- Уверение за неосудуваност – валидност 6 месеци (certificato carichi pendenti)
- Уверение за кривична евиденција – валидност 6 месеци (Certificati del casellario giudiziale)

***<u>За самовработени лица</u>***

- Фотокопија на Визура од Стопанска Комора (visura camerale) (валидна е 6 месеци)
- Фотокопија на актот за семеен бизнис или од асоцијацијата на учество (associazione di partecipazione) итн.
- Фотокопија на договорот во случај на парасубординирани видови на работа
- Уверение за атрибуција на **Партита Ива**
- Фотокопија од даночна пријава или КУД/КУ за претходната година
- Фотокопија од привремениот буџет на фирмата со печат од вашиот книговодител

- Уверение за неосудуваност – валидност 6 месеци (certificato carichi pendenti)
- Уверение за кривична евиденција – валидност 6 месеци (Certificati del casellario giudiziale)
- Автосертификација на живеалиште (residenza)

_За издржените членови од семејството_

- 1 таксена марка од 16 евра за секој член постар од 14 години
- Фотокопија од дозволата за престој кое треба да има незаминат рок (permesso di soggiorno) предниот и задниот дел
- Фотокопија од пасошот (само од страницата каде што е бројот, датум на издавање и рок и лични податоци)
- Уверение за неосудуваност (за постарите од 14 години, уверението има 6 месеци валидност)
- Уверение за кривична евиденција (за постарите од 14 години, уверението има 6 месеци валидност )
- Фотокопија од цертификатот за соодветно сместување - certificato dell'Idoneità dell'alloggio (ова не важи за семејството на оние кои бенефицираат од меѓународна протекција)
- Авто-сертификација на живеалиште и на живеалиште и на статусот на семејството (stato di famiglia)

---

**Документи што се однесуваат на сместувањето што може да ги побара полицискиот штаб (Questura) за време на фотосигнализајата, покрај оние наведени погоре:**

- ✓ Фотокопија од договорот за изнајмување или дело на сопственост на домот,  а за оние кои немаат договор на нивно име, потребно е да имаат изјава за гостопримство потпишана од гостинот и со согласност на сопственикот на куќата заедно со предниот и задниот дел на неговиот документ

**ВАЖНО**

- ✓ Само оние кои се во Италија повеќе од 5 години и еден ден, можат да аплицираат за дозвола за ЕУ за долгорочни жители (задолжително и за деца до 14 години) од издавање на првата дозвола за престој. Важно е да во моментот на барањето мора да имате постојано живеалиште.
- ✓ Во текот на тие 5 години, странскиот државјанин не смее да има отсуствувано од Италија повеќе од 6 последователни месеци или вкупно десет месеци во петгодишниот период.
- ✓ Приходот неопходен за добивање на ЕУ дозвола за долгорочни жители не смее да биде помал од годишниот износ на социјалниот додаток и, во случај на барање документ и за

членовите на семејството, мора да спаѓа во параметрите на приходите предвидени за семејно обединување.

- ✓ Од 9 декември 2010 година, издавањето на дозвола за престој ЕУ за долгорочни жители е подложено на познавање на италијанскиот јазик барем на ниво А2. (за сертификати и дипломи можно е да се побара автентицирана копија во општинска матична служба)
- ✓ Познавањето на јазикот може да се докаже преку: полагање посебен тест за италијански јазик организиран од Суи;
- ✓ поседување квалификација што го потврдува познавањето на јазикот не пониско од нивото на А2; поседување на прва или втора диплома од средно училиште од италијанскиот училишен систем; упис на универзитетски курсеви, магистерски или докторски студии на Италијански универзитети.

  Корисниците на меѓународна заштита **се ослободени** и оние кои се засегнати од сериозни ограничувања во способноста за учење на јазици кои потекнуваат од возраста, хендикепите или заболувањата што се заверени од јавна здравствена установа.

**ПОСЛЕДНО АЖУРИРАЊЕ: 22/02/2023**